**20180771404**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 49 став (4) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12 и 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МЕРКИ ЗА СУЗБИВАЊЕ И ИСКОРЕНУВАЊЕ НА ТРАНСМИСИВНИ СПОНГИОФОРМНИ ЕНЦЕФАЛОПАТИИ(*)

Член 1

Во Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии („Службен весник на Република Македонија” бр. 57/11 и 161/17) во Прилогот 2 Глава А став II. точката 8 се менува и гласи:

„Генотипизација

Генотипот на протеинот на прионот за кодоните 136, 154 и 171 треба да се одреди за секој позитивен случај на ТСЕ кај овци. ТСЕ случаевите кај овци со генотип кој кодира аланин на двата алели на кодон 136, аргинин на двата алели на кодон 154 и аргинин на двата алели на кодон 171 веднаш се пријавуваат до Агенцијата. Кога позитивниот случај на ТСЕ е случај на атипично скрепи, треба да се одреди, исто така, генотипот на протеинот на прионот за кодонот 141.“.

Во Глава Б став I. А. точката 8 се менува и гласи:

„Генотипот, и каде е можно расата, на секоја овца која е позитивна на ТСЕ и од која е земен примерок согласно Глава А дел II точка 8 од овој прилог.“.

Член 2

Во Прилогот 4 Глава В Дел 1 по точката 7 се додава нова точка 8 која гласи:

„8. Во согласност со точка 1 од овој дел, земањето примероци и генотипизацијата на расплодните овни во стада кои не учествуваат во програмата за размножување, генотипот на протеинот на прионот за кодоните 136, 141, 154 и 171 се одредува на минималниот примерок кој е репрезентативен за целата популација на овци, или:

(а) еднаш на секои три години на минимален примерок од најмалку 1560 овци или

(б) во интервали и на примерок со големина кој се одредува врз основа на усогласеност со следните критериуми:

- во планот за земање примероци се земени во предвид релевантните епидемиолошки податоци земени при претходните истражувања, вклучувајќи ги и податоците за генотипот на протеинот на прионот за кодоните 136, 141, 154 и 171 по раса, регион, старост, пол и видот на стадото и

- со планот за земање примероци се овозможува најмалку да се открие промена од 5% во преваленцијата на генотипот во период од 3 години, при моќност на статистичкиот критериум од 80% и ниво на веројатност од 95%.“.

---

(*)Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата (ЕК) бр. 999/2001 на Европскиот Парламент и Совет од 22 мај 2001 година, со која се пропишуваат правилата за спречување, контрола и искоренување на одредени трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии (CELEX бр. 32001R0999), изменета и дополнета со Регулатива на Комисијата (ЕУ) 2017/894 од 24 мај 2017 година за изменување на Анексите III и VII од Регулативата (ЕЗ) бр. 999/2001 на Европскиот Парламент и на Советот во врска со генотипизација на овци (CELEX бр. 32017R0894).

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1172/3
24 април 2018 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.